**20242414216**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 21 ноември 2024 година.

Бр. 08-5644/1
21 ноември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Во Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 24/21 и 174/21), во член 15 во ставот (2) по зборовите: „урбаните подрачја,“ се додава зборот „на“, а по зборот „регионот“ се става запирка и се додаваат зборовите: „како и на“.

Член 2

Во член 16 ставот (2) се менува и гласи:

„Во планирањето на рамномерниот регионален развој учествуваат и Центрите за развој на планските региони, а во спроведувањето на планските документи за рамномерен регионален развој учествуваат и Бирото за регионален развој и Центрите за развој на планските региони.“.

Член 3

Во член 17 ставот (2) се менува и гласи:

„Членови на Советот за рамномерен регионален развој се:

- министрите кои раководат со министерствата за локална самоуправа, финансии, економија и труд, транспорт, енергетика, рударство и минерални суровини, образование и наука, социјална политика, демографија и млади, култура и туризам, животна средина и просторно планирање, европски прашања, спорт и земјоделство, шумарство и водостопанство,

- претседателите на советите за развој на планските региони и
- претседателот на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).“.

Во ставот (5) зборовите: „заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, за координација со економските ресори и инвестиции“ се заменуваат со зборовите: „министерот за локална самоуправа“.

Ставот (6) се менува и гласи:

„Во случај на спреченост или отсуство на министерот за локална самоуправа, Советот го раководи заменик-министерот за локална самоуправа.”.

Член 4

Во член 18 став (1) во алинејата 8 по зборот „Македонија“ се додаваат зборовите: „изготвен од Бирото за регионален развој,“.

Во алинејата 9 зборовите: „дава мислење по“ се заменуваат со зборовите: „го разгледува за информирање“.

Алинеја 10 се брише.

Алинеја 11 се менува и гласи:

„дава мислење по проценката од членот 63 став (4) од овој закон.“.

Ставот (2) се брише.

Член 5

Во член 29 во ставот (5) зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд“.

Член 6

Во член 50 во ставот (4) зборовите: „кабинетот на заменик на претседателот на Влада задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции“ се заменуваат со зборовите: „Канцеларијата на претседателот на Владата“.

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Еден член на Комисијата се именува од редот на административните државни службеници од Министерството за финансии.“.

Во ставот (6) кој станува став (7) зборовите: „Двајца членови“ се заменуваат со зборовите: „Еден член“, а зборот „именуваат“ се заменува со зборот „именува“.

Ставот (7) станува став (8).

Член 7

Во член 58 во ставот (1) зборовите: „за рамномерен регионален развој“ се бришат.

Ставот (5) се менува и гласи:

„Предлог-проекти од страна на корисниците согласно со јавниот повик се поднесуваат до Министерството на образец, кој се објавува на веб-страницата на Министерството со прилог – насоки за поднесување на Предлог-проекти.“.

Член 8

Во член 59 во ставот (1) бројот „30“ се заменува со бројот „15“.

Член 9

Во член 62 во ставот (4) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и на друг начин утврден со договорот во зависност од проектот.“.

Член 10

Во член 66 во ставот (1) по зборот „преку“ се додава зборот „месечни“, а точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „кои ги доставува до Министерството“.

Член 11

Во член 77 во ставот (4) зборовите: „основа за“ се заменуваат со зборовите: „во функција на“.

Во ставот (5) зборот „тримесечни“ се заменува со зборот „шестмесечни“.

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна  Македонија“.